

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 16, број 21 / 2023
УДК: 75.046.3Теодосиј Зограф
75.046.3(497.713)"18"

Дарко НИКОЛОВСКИ

# ТВОРЕШТВОТО НА СЛЕДБЕНИЦИТЕ НА ЗОГРАФОТ ТЕОДОСИЈ ЗОГРАФ ОД ВЕЛЕС

**Клучни зборови**: *работилница на Теодосиј зограф од Велес, црква Св. Никола Башино Село, црква Св. Петка во Галичник, црква Св. Спас во с. Ногаевци, црква Св. Атанасиј во Војница, Велешки регион, прва половина на XIX век*

**Апстракт**: *Од приложените податоци за творештвото на Теодосиј може да се заклучи дека се работи за зографска личност која одиграл значајна улога во првата половина на XIX век во Македонија и на Балканот и оставил свој печат и на следните помлади генерации, негови следбеници и соработници. Што се однесува до неговите наследници, кои без конкретни автографски податоци, ќе продолжиме и ние понатаму да ги нарекуваме следбеници на Теодосиј од Велес. Засега нивни иконописни дела, освен во црквата Св. Никола во Башино Село крај Велес и Св. Петка во Галичник, лоцираме во уште две цркви, во црквата Св. Спас во с. Ногаевци во општина Градско и во црквата Св. Атанасиј во с. Војница во општина Чашка, така што се потврдува нивната активност пошироко во Велешкиот регион.*

Творештвото на Теодосиј од Велес, за кој се смета дека бил роден околу 1870 г. и активен до 1850 г., долго време не било дефинирано.[1] Првото негово споменување, како автор, е всушност автографскиот податок од биографскиот настан одбележан во делото „*Претставувањето на новото чудо на Пресвета Богородица*“, (**сл. 1**) со тема од битов и сакрален карактер, која слика Теодосиј ја подарил во знак на благодарност за оздравувањето на неговиот син Илија, настан од 1813 г., кој се одвивал во храмот Св. Богородица во Ново Село, близу до Штип, каде тој своевремено бил ангажиран на изработка на икони за потребите на храмот.[2] На оваа вотивна слика симултано е раскажана прво беспомошноста на родителите пред судбината на својот болен син на кој не можеле да му најдат лек. Потоа како Теодосиј и се обраќа на Богородица Брзопошница да им помогне ѝ ним, по примерот на чудото кое Богородица го направила со натопениот цар во морето и на крајот насликано е чудото со оздравеното 15 годишно момче кое во знак на благодарност ја принесува иконата на Богородица Скоропомошница.[3] Теодосиј сликата ја насликал најверојатно во 1828 година, според редоследот на прикажаниот симултан настан, во кој неговиот син, момче на веќе 15-годишна во-

[1] К. Балабанов, *Сликата со битова содржина: „Фамилијата на зографот Теодосиј од Велес подарува слика на црквата Успение на Св. Богородица во Ново Село – Штип” како извор за запознавање на старата новоселска црква и творештвото на Теодосиј зограф*, Ликовна уметност, бр. 1, 13–18, Скопје 1973, 23;

[2] А. Василиев, *Български възрожденски майстори*, София, 1965, 265-266; К. Балабанов, *Сликата со битова содржина*, 13-15; М. Машниќ – Е. Петрова Николовска, *Сликарското дело на Теодосиј зограф од Велес. Истражување и заштита,* Патримониум.мк, бр. 1–2, Скопје 2007, 131–136.

[3] Во долниот дел од платното во еден картуш е испишана целата содржина на сликата: „*Јавувањето на новото чудо на Пресвета Богородица која е Брзопомошница. Јас грешен Теодосиј, на оваа слика зограф, во лето од Христа 1813. Во тоа време работев на црквата новоселска и имав дом во Велес и едно дете, ова што лежи, по име Илија. Ми беше болно. Пратив по него и мајка му го донесе за да го лекуваме. И никаков лек не помогна. И дојде време детето да умре и мајка му го донесе пред црковната врата и зеде да плаче и јас ѝ реков: жено како што Богородица го избавила царот од морето: таа може и нам да ни помогне. И се поклонивме, ох чудо, Пресветата го оживеа детето и (тоа) посака да јаде и потоа оздраве. Самото дете на возраст од 15 години дојде и се поклони во светиот храм*“. Детален опис на сликата и текстот дава А. Василиев, *Български възрожденски майстори*, 265-266; Калк на текстот прв публикувал А. Николовски, *Прилог кон датирањето на вотивната слика Богородица Скоропомошница од Тедосиј зограф*, Ликовна уметност 4-5, Скопје 1978/79, 41, сл.2.



Сл. 1. Теодосиј зограф, *Претставувањето на новото чудо на Пресвета Богородица*, црква Св. Богородица во Ново Село, близу до Штип

зраст, доаѓа на поклонение во црквата Св. Богородица во Ново Село, и ја подарува сликата на храмот, каде што се случило чудото на неговото оживување.[4]

Од податокот кој Теодосиј своерачно го оставил во натписот на делото „*Претставувањето на новото чудо на Пресвета Богородица*" се дознава дека тој во 1813 г. работел за потребите на црквата во Ново Село. Бидејќи црквата била реконструирана во 1850 г.[5] иконописниот материјал бил преместен во новобновената. Во 1960 година била формирана Галерија на икони, која освен делата на Теодосиј вклучувала и икони собрани од околните села и презентирани во галеријата на катот во Новоселската црква.[6] Подоцна, во 1990 г., формирана е Галерија на икони и во градската црква Св. Никола во Штип, која исто така содржи дела кои потекнуваат од храмот во Ново Село.[7]

Блискиот ликовен ракопис на Теодосиј со работилницата на Христо Димитров од Самоков,[8] кој воедно ја раководел изработката на иконостасот од старата црква во Ново Село според натписот од 1810 г. запишан на иконата Успение на Богородица[9], ја нуди претпоставката дека тој бил под силно влијание на самоковската школа поради што неговите дела во голем број ќе бидат истоветувани со оние на Христо Димитров. Имено, иконостасот од старата црква во Ново Село бил дислоциран и рекомпониран во двата параклиса на првиот кат во новиот храм. Според истражувањата на Викторија Поповска – Коробар за дела на Теодосиј ги смета поголем број икони кои биле со различна атрибуција досега, денес сместени во двата параклиса од првиот кат во црквата Св. Богородица во Ново Село, близу до Штип,[10] Така, според нејзиното мислење, икони на Теодосиј се двете икони-врати од проскомидијата, Исус Хрис-

[4] А. Николовски, *Прилог кон датирањето на вотивната слика*, 39-43;

[5] А. Василиев, *Български възрожденски майстори,* 155; Ј. Хаџиева Алексиева, Е. Касапова, *Архитект Андреја Дамјанов 1813–1878*, Скопје 2001, 99–123.

[6] К. Балабанов, *Постојана галерија на икони*, 23.

[7] Н. Панзов, *Галерија на икони. Црква Св. Никола*, каталог, Штип 1991, 12, 14.

[8] В. Поповска-Коробар, *Иконите од Музејот на Македонија*, Скопје 2004, 320.

[9] А. Василиев, *Български възрожденски майстори,* 317, ill. 204, et passim. Повеќе за овој самоковски зограф в.: Елена Попова, *Зографът Христо Димитров от Самоков*, София 2001.

[10] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles from the Early Nineteenth Century*, Marginalia. Art Readings, Vol. I-II, 2018.I., Old Art (eds. I. Gergova and E. Moussakova), Sofia 2019, 399-412.



Сл. 2. Богородица со Христос, црква Св. Никола, Башино село, Велес



Сл. 3. Исус Христос, црква Св. Никола, Башино село, Велес

тос Добриот Пастир (јужна врата) и Архангел Михаил (северна врата) кои биле од преходните истражувачи атрибуирани на Христо Димитров.[11] Исто така и други помали во формат икони експонирани во галериската поставка, дотогаш атрибурани на самоковски или други зографи, од страна на В. Поповска-Коробар сега се припишуваат на раката на Теодосиј од Велес[12] Исто така и во колекцијата на икони презентирани во адаптираниот галериски простор на катот во западниот дел од градската црква Св. Никола во Штип (1867 г.), уште дваесетина икони (престолни, празнични, апостолски или икони со претстави на одделни светители) од страна на В. Поповска–Коробар се атрибуирани на Теодосиј од Велес.[13]

[11] К. Балабанов, *Постојана галерија на икони*, 126, 142.

[12] К. Балабанов, *Постојана галерија на икони*, 32–34, 37–43.

[13] Н. Панзов, *Галерија на икони. Црква Св. Никола,* 13, 15, 23, 43, 46, 50, 54, 66, 67, 94–97, 99, 102, 111–116, 18, 120–121 (со поинаква атрибуција). Во истата забелешка е укажано и на една празнична икона Воведување на Богородица во храмот, која е со сите карактеристики на стилот на Теодосиј и која икона била понудена на аукција во Белград (Madl’Art 2014: No. 14).

Од иконописниот материјал во црквата Св. Георги во Кочани (градена во 1809 или 1814 г.),[14] В. Поповска–Коробар смета дека четирите престолни икони ги смета за дела на Теодосиј,[15] кои хронолошки се блиски до неговите дела од Ново Село, а стилски се доближуваат до творештвото на раните самоковски зографи.[16] Извесни стилски промени кај Теодосиј се препознаваат во најмалку две дела од 1818 и 1819 г. од иконостасот на црквата Св. Спас во Велес.[17]

Како многу други зографи од Македонија и Теодосиј бил ангажиран за фреско и иконописна

[14] Љ. Ајатовска, *Црквата Свети Великомаченик Георгиј – еден век постоење*, Кочани 2017, 28, 36.

[15] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles, 402-406.*

[16] Престолната икона на св. Ѓорѓи од 1818 г. била донирана од зографот Георги Дамјанов, податок кој денес поради нечистотија може да се спознае само преку постарата документација во НУ НКЦ-Скопје (Евидентирани икони 1987: бр. 12123). На престолната икона, посветена на св. апостоли Петар и Павле, забележана е годината 1819 подарена од страна на шивачкиот еснаф, в.; V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles, 404-405..*

[17] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 402-406.



Сл. 4. Св.Атанасиј, црква Св. Никола, Башино село, Велес



Сл. 5. Св.Спиридон, црква Св. Никола, Башино село, Велес

декорација во неколку цркви во Србија.[18] Во оваа насока на атрибуција на делата на Теодосиј, В. Поповска-Коробар, вклучува и една икона од старата црква во Јагодина во Србија, која е со истите стилски карактеристики на авторот[19] и воедно потпишана "од раката на Теодосиј во 1824 г."[20] за кого авторката има мислење дека се работи всушност за Теодосиј од Велес. Понатаму е примерот со катедралната црква Св. Архангели во Ниш, за која Теодосиј ги сликал иконите од горните два реда од иконостасот и Големиот крст со Распетието Христово околу 1830 г.[21] Ова се поклопува со времето на сликањето на живописот со претставата на Христос во проскомидијалната ниша во црквата Воведение Богодичино на манастирот Св. Роман (Џунис, Србија) каде е запишана годината 1927 г. Теодосиј ги сликал исто така и светите отци, јужната конха на наосот.[22] Веројатно од третата деценија се двете целивачки икони од црквата во Савинец.[23]

Во Нишката епархија атрибуриани се и други икони од Теодосиј како што се двете престолни икони од црквата Светите Апостоли во Туреко-

[18] Б. Вујовић, *Уметност обновљене Србије 1791-1848*, Београд 1986, 254–264; М. Тимотијевић, Н. Макуљевић, *Иконопис Врањске епархије*, Белград – Врање 2005: 16–17, passim.

[19] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 403.

[20] Б. Цветковић, *Збирка икона цркве Светог архангела Михаила у Јагодини*. In: Symposium, Два века Старе цркве у Јагодини (ур. Бранислав Цветковић, Нинослав Станојевић), Јагодина 2017, 156–158.

[21] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 406; J. Марковић, *Делатност велешких зографских радионица на простору нишке епархије у првој половини XIX века*, Патримониум.мк бр. 20, Скопје 2020, 301.

[22] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 406; J. Марковић, *Делатност велешких зографских*, 302-303.

[23] Р. Станић, *Сликар Теодосије и његово дело на Савинцу,* Градац III-IV, Чачак 1969, 11.



Сл. 6. Св.Василиј, црква Св. Никола, Башино село, Велес



Сл. 7. Св.Петар и Павле, црква Св. Никола, Башино село, Велес

вец (1845-1853),[24] потоа празничните икони од иконостасот во црквата посветен на Рождеството Богородичино во Лесковец, стариот иконостас од манастирот Свети Роман и две престолни икони од збирката на Нишката епархија кои потекнуваат од манастирот Свети Стефан во Липовец и престолната икона на стариот храм Вознесение Христово во Велики Крчимир.[25] Во црквата Успението на Пресвета Богородица во селото Коноплница, покрај Власотинце, на работилницата на Теодосиј од Велес припишани им се иконите од првата фаза на развојот на иконостасот.[26]

Во раните 30-ти години, манирот на изведбата на Теодосиј се менува од суптилност кон вкочанетост во изразот на ликовите, иако иконографските обрасци се задржани, што води до мислење дека во неговата работилница се вклучиле соработниците/наследници кои ги сликаат иконите за иконостасот во црквата Св. Петка во Галичник, вклучително престолните икони, вториот ред Деисисни икони, Големиот крст со Распетието Христово и иконата на св. Димитриј на коњ.[27]

Заокружувајќи ги досегашните истражувања за Теодосиј, Викторија Поповска-Коробар ја до-

[24] Ј. Марковић, *Иконостас цркве Светих Апостола у Туреховцу*, Студије визуелне културе Балкана II, Beograd 2019, 166-167.

[25] Ј. Марковић, *Делатност велешких зографских радионица*, 303-304.

[26] Ј. Марковић, *Делатност велешких зографских радионица*, 305.

[27] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 406;



Сл. 8. Богородица со Христос, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско



Сл. 9. Исус Христос, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско

пушта претпоставката дека тој продолжил со својата работа во соработка со помлади соработници, со веројатност, тука да бил вклучен и неговиот син Илија, кој ја продолжил фамилијарната традиција. Овој тип на соработка може да се види на фрескодекорацијата на северниот ѕид и на иконостасните икони во црквата Св. Никола во Башино Село, близу Велес од 1838 г.[28] Понатаму на оваа работилница ги атрибуира престолната икона на Богородица со Христос од црквата Св. Никола во Градња (Србија).[29]

***

Од приложените податоци за творештвото на Теодосиј може да се заклучи дека се работи за

[28] Опис на сите содржини во црквата, со издвојување на делата на анонимна работилницата, без атрибуција на авторот, кој била првично ангажирана да ја декорира внатрешноста на храмот (ѕидното сликарство и иконите на иконостасот) од страна на црковниот одбор во Башино Село. Непосредно по изградбата на црквата во 1838 г., ги среќаваме и во други цркви во велешкиот регион како што е примерот со престолните икони изработени за потребите на црквите во селата Ногаевци и Војница.: Д. Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, Патримониум.мк, бр. 13, Скопје 2015, 283–297. Авторизација на оваа анонимна работилница во кругот на Теодосиј зограф од Велес ја прави V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 407; Во оваа прилика треба да се истакне дека при нашиот увид во 2022 г. во црквата Св. Никола во Башино Село, востановено е дека црковниот одбор, со благослов на црковните власти, при обновата на архитектурата на црквата го уништиле автентичното сликарство од 1838 г. (отстрането/ископачено од ѕидот) и насликале ново ѕидно сликарство со што е направена неповратна и трајна штета на ова културно наследство значајно за следење на активноста и развојот на зографите од Велешкиот регион.

[29] V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles,* 407;



Сл. 10. Св. Јован Крстител, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско



Сл. 11. Св. Никола, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско

зографска личност која одиграла значајна улога во првата половина на XIX век во Македонија и пошироко на Балканот и оставила свој печат и на следните помлади генерации, негови следбеници и соработници. Што се однесува до неговите следбеници/наследници кои без конкретни автографски податоци, ќе продолжиме и ние понатаму да ја нарекуваме како работилница на Теодосиј од Велес. Засега нивни иконописни дела, освен во црквата Св. Никола во *Башино Село* крај Велес и Св. Петка во *Галичник*, лоцираме во уште две цркви, во општина Градско во црквата Св. Спас во селото *Ногаевци* и во црквата Св. Атанасиј во *Војница,* во општина Чашка, кои претходно беа нотирани[30] а во оваа прилика ќе бидат претставени во рамките на новите сознанија, со што се потврдува нивната активност пошироко во Велешкиот регион.

Како што погоре напоменавме во црквата *Св. Никола во Башино Село*, изградена во 1838 г., каде од истата година било насликано ѕидното сликарство на северниот ѕид со преставата на *Страшниот суд* и престолните икони на иконостасот од страна на работилницата на Теодосиј Зограф.[31] Се работи за следните иконостасни содржини, веќе нотирани претходно, но поради подобар преглед овде ќе бидат нотирани одново само оние кои се дело на работилницата на Теодосиј. Во овој момент редоследот на иконите од иконостасот е следен: во првиот ред престолните икони (од север кон југ) се допојасната претстава на: *св. Ѓорѓи* ст҃ы велїкомѪченикь ГЂѠРГїа (рег.бр. ск 16041), потоа во просторот за икона е ставена *фреска со стоечки фигури на праведници,* отпадната од деисиниот ред во горната зона на северниот ѕид. На вратата од северниот влез е насликана стоечка

[30] Д. Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, 283–297.

[31] Д. Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, 283–297.



Сл. 12. Св. Петар, црква Св. Спас,
с. Ногаевци, Градско



Сл. 13. Св. Павел, црква Св. Спас,
с. Ногаевци, Градско

фигура на *Светиот архистратиг Михаил* (сҭы АРХЇСТрАТїГЪ МЇХаЇЛЪ) (рег.бр. ск 16039) во полна воена опрема со исукан меч во десната и сфера во левата рака. Понатаму следува претставата на *св. Петка* (сҭїѦ ПаРаСкЕВї) со приложнички текст (сїю:їконȢ прїложи божана • сȢпрȢга х҃: костева) (рег.бр. ск 16025); потоа *св. Атанасие* (сҭы АѲАНАСИА) (рег.бр. ск 16042) (**сл. 4**); *Богородица со Христос* на која се забележани приложникот и годината (сїю:їконȢ прїложи • х҃: косте/ мискиновичь: 1838 :) (рег.бр. ск 16026) (**сл. 2**); *Исус Христос* (сїю:їконȢ прїложи • х҃: тасе/ мискиновичь: 1838 :) (рег.бр. ск 16024) (**сл. 3**); *Св. Петар и Павле* (сїю:їконȢ прїложиша рȢфеть терзїскиї 1838:) (рег.бр. ск 16027) (**сл. 7**); *св. Василиј* (сҭы василїа) (сїю:їконȢ прїложи • х҃: милка сȢпрȢга х҃тасева) (рег.бр. ск 16021) (**сл. 6**); *св. Спиридон* (сҭы спїридонь) (рег.бр. ск 16023) (**сл. 5**); на јужната врата *Исус Христос добар пастир* со бело јагне околу вратот (рег.бр. ск 16038); последната во редот е иконата на *великомаченикот св. Димитрија* (сҭы велїкомȢченикь дїмитрїа) (рег.бр. ск 16036).

Поголем број икони во башиноселската црква се водат за исчезнати, а нив ги следиме единствено благодарение на црно-белата фотодокументација на Националниот конзерваторски центар во Скопје. Од двата реда празнични икони сочувани се само две – *Рождетство Христово* (ржсҭво хрсҭово) (рег.бр. ск 16019) и *Лазарово воскресение* (Лазарево воскресенїе) (рег.бр. ск 16017). Останатите икони што се водат за ограбени од празничниот ред се следните[32]: *Крштевање Христово* (сҭое бгоѧвленїе) (рег.бр. ск 16018); *Вознесение Христово* (рег.бр. ск 16014); *Воскресение Христово* (сҭое воскресенїе) (рег.бр. ск 16016); *Неракотворениот убрус* (сҭї ȢбрȢсь) (рег.бр. ск 16044) дело на зографот кој ги сликал и преостанатите икони на иконостасот во 1838 г.

За црквата Св. Спас во селото *Ногаевци,* досега нашето внимание беше првенствено ориентирано кон двете поствизантиски иконописни дела, од втората половина на XVI век, што биле дел од оригиналниот иконостас пред обновата во XIX век.33 Во оваа прилика ќе ја искористиме можноста да ги разгледаме делата од првата половина на XIX век, судејќи според една датирана икона од иконостасот 1839 г. и друга во депото на

---

[32] Иконите ги набројуваме според постоечката документација во Националниот конзерваторски центар во Скопје

[33] Од автентичниот иконостас денес се сочувани *Царските двери*, (рег. бр. 8980) и престолна икона со претставата на *Исус Христос* (рег. бр. 8982), в.: Д. Николовски, *Прилог кон сакралното наследство од поствизантискиот период во општина Градско*, Патримониум.мк 20, Скопје 2022, 266-267.



Сл. 14. Царски двери, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско



Сл. 15. Архангел Михаил, црква Св. Спас, с. Ногаевци, Градско

галеријата на катот од 1847 г., и да ги издвоиме оние кои припаѓаат на работилницата на Теодосиј зограф од Велес.

Во црквата се депонирани поголем број на икони (49) од различни периоди (регистрирано икони бр. 8951-8991 – при нашиот увид 11 од нив не беа пронајдени на самото место.). Дел од иконите се поставени на двокатната иконостасна преграда на источната страна, додека останатите иконите се депонирани на дрвената галерија на кат која се наоѓа во наосот на западната страна. Во нашиот случај, најголемиот број икони кои припаѓаат на работилницата на Теодосиј зограф од Велес, се поставени на двокатниот иконостас. На иконостасот, составен од два реда икони, во првиот ред се престолните икони (Богородица со Христос, Исус Христос и св. Јован Крстител), во кој се и Архангел Михаил на северната врата и централно поставените царски двери. Во вториот ред во единаесет поединечни компартамнети поставени се икони од проширениот деисис со апостоли. На иконостасот поставен е Голем крст. Дел од останатите икони се распоредни по ѕидовите во нао-



Сл. 16. Богородица со Христос,
црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес



Сл. 17. Исус Христос, црква Св. Атанасиј,
с. Војница, Велес

сот а дел се депонирани во галеријата на катот во западниот дел од црквата.

Иконите од иконостасот во црквата Св. Спас во селото *Ногаевци*, датираат од 1839 г., според приложничкиот запис сочуван на претставата на архангел Михаил *насликан* на портата од северниот премин (рег. бр. 8955). Денешната иконостасна преграда во црквата Св. Спас во с. *Ногаевци* е нова и по неа не може да се суди за целосниот автентичен изглед на програмата на декорацијата на иконостасот од време на обновата во XIX век. Во таа насока, во првиот ред престолни икони нема место за иконата на *Св. Никола* С҃ТЫ НІКОЛАѦ (рег. бр. 8958, дим. 70х48х3) (**сл. 11**), а сочуваниот број на икони во вториот ред, каде вообичаено е позициониран Деисисот со 12 апостоли, во него недостигаат централно поставен *Деисис* со Исус Христос, Богородица и Јован Крстител и уште еден апостол, што ја доведува во прашање оваа програма дали била автентично планирана за оваа црква или пак се донесени од друга црква со поголеми размери. Воедно иконата Вознесение Христово веројатно била дел од празничниот низ кој го сочинувал третиот ред што денес не суштествува на иконостасот.

Во првата зона од иконостасот (с-ј) на портата од северниот премин насликана е претставата на *архангел Михаил* (рег. бр. 8955, дим. 168х56х2,5) во цел раст а во приложничкиот текст е запишана и годината на изработка на иконата С҃ТЫ АРХЇСТРАТЇГЬ МЇХАНЛЬ: СЇЮ ЇКОНУ ПРЇЛОЖЇ АНГЕЛ / ЧОРБАЦЇ **1839**. (**сл. 15**) Следи престолната икона *Богородица со Христос* М҃Р Ѳ҃У (рег. бр. 8954, дим. 74х42х2,5) (**сл. 8**); потоа централно поставените *Царски двери* (рег. бр. 8951, дим. 120х36) поделени во оделни паноа со фигурите на архангел Гаврил С҃ТОЕ: СЇѦ ВРАТА ПРЇЛОЖЇ ЇОВЕ БЛАГАВОДА и Богородица М҃ Ѳ҃ : БЛГОВѢЩЕНЇЕ: КУДН МНѢ НЇНѢ ПОГЛАГОЛУ ТВОЕМУ во средишниот дел кои ја сочинуваат композицијата Благовештението Богородичино. Над нив, во полукружниот сегмент од дверите, претставени се допојасни претстави на пророк Соломон С҃ ПО҃Р СОЛОМОНЬ: АЗЬ ЕСМЬ ДВЕРЬ (над архангел Гаврил) и пророк и цар Давид С҃ ПО҃Р Ц҃ ДАВЇТЬ: СЛЇШН ДЩЇ ЇВНѢДЬ Ї ПРЇКЛОНЇ / УХО ТВОЕ (над Богородица). На паноата под архангелот насликан е архиѓакон Стефан С҃ТЫ АР҃Х Д҃ЇА СТЕФАНЬ додека под Богородица св. Василиј С҃ТЫ ВАСЇЛНА. (**сл. 14**)

Престолните икони, јужно од царските двери продолжуваат со претставите на *Исус Христос* Ї҃С



Сл. 18. Св. Јован Крстител, црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес



Сл. 19. Св. Никола, црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес

ХС҃: ПРЇ / ДЇТЕ КОМ / НѢ ВСЇ ТР / ѸЖДАЮЩ / ЇНСА НОБ / РЕМЕНЕНЇ / НАЗЬ / ѸПОКОЮВ / Ї ВОЗМЇ / ТЕ НГОМО / Н НАѸЧЇТЕ / СА ѾМЕН / Є (рег. бр. 8953, дим. 74x41x3) (**сл. 9**); и *св. Јован Претеча* ЇѠАНЬ КРС҃ТНТЕЛЬ: ПОКАНТЕСА / ПРЇБЛНЖНБО / СА ЦС҃РТВЇЕ / НЕБЕСНОЕ (рег. бр. 8951, дим. 73x42x3) (**сл. 10**). Апостолскиот фриз е со следниот распоред: *св. Симон* СТ҃Ы АС҃П СЇМЕОНЬ (рег. бр. 8965, дим. 34x23x2); *св. Јаков* СТ҃Ы АС҃П ЇАКОВЬ (рег. бр. 8966, дим. 34x24x3); *св. Јован* СТ҃Ы ЕС҃В ЇѠАНЬ (рег. бр. 8967, дим. 34x23,5x2); *св. Матеј* СТ҃Ы ЕС҃В МАТЕА, (рег. бр. 8968, дим. 34x23,5x2); *св. Лука* СТ҃Ы ЕС҃В ЛѸКА (рег. бр. 8969, дим. 33,5x23,5x1,5); *св. Петар* СТ҃Ы АС҃П ПЕТАРЬ: СЇА НКОНА ПРЕДЛОЖЇ ЂОРЮ / НЕДЕЛКО (рег. бр. 8970, дим. 33,5x23,5x2,5) (**сл. 12**); *св. Павле* СТ҃Ы АС҃П ПАВЕЛЬ (рег. бр. 8961, дим. 34x22,5x2,5) (**сл. 13**); *св. Марко* СТ҃Ы ЕС҃В МАРКО (рег. бр. 8972, дим. 34x23x2); *св. Вартоломеј* СТ҃Ы АС҃П ВАРТОЛОМЕА (рег. бр. 8973, дим. 34x23x2,5); *св. Андреа* СТ҃Ы АС҃П АНДРЕА (рег. бр. 8974, дим. 34,5x23x3). Иконата *Вознесение Христово* СТ҃Ы ....... НЕ ГС҃ДНА СІН ..АМѢ ѸСНА... ТАНАСКО (рег. бр. 8988, дим. 82,5x50x3) веројатно била дел од празничниот низ кој денес не суштествува.

**Надиконостасниот крст** ***поставен на иконостасот*** со сликано *Распетието Христово* ІС҃ ХС҃ и симболите на четирите евангелисти (Бик/Лука Л҃ - северен крак, Орел Н҃ /Јован – јужен крак; Лав/Марко МР҃; ангел/Матеј) сместени во аглите на краците од крстот во форма на тролисна детелина. Приложнички текст е испишан покрај нозете на Христос: СЕЇ КРС҃ТЬ ПРЇЛОЖН ДЇМО ЦЕКОВНКЬ (неевидентиран, дим.: 2,8м).

Во депото на галеријата на катот, складирани се *Распетие Христово,* задпрестолен крст (рег. бр. 8985, дим. 160x54x3) и Исус Христос, *престолна икона* ІС҃ ХС҃: ПРННДНТЕ / КѠЛННѢ ВС / Н, ТРѸЖДАЮ / ЩННСА, СНЬ / Ѹ НѠБРСНХ / НСННС, НЛ . / ѸѰѠКОЮ / ВѠ ЗМНТЕ / НГѠ НЬѠ / Є ѠМСНС, / НА СЕБЕ / НА ѸЧН / ТЕСА, - СНА НКѠНА ПРОЛОЖН АНЧЕ БѠШКѠВЬ. (рег. бр. 8986, дим. 76x42x2) кои припаѓаат на иста работилница на Теодосиј, што користат еднаква матрица, но сепак се работи за зографска рака со пониски ликовни квалитети. Овие икони, како и другите во депото, се собрани од околните напуштени цркви, така и овие икони веројатно биле наменети за потребите на некој друг иконостас со помали димензии.



Сл. 20. Архангел Михаил, црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес



Сл. 21. Св. Трифун, црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес

Црквата Св. Атанасиј во Велешкото село *Војница*[34] е трободна градба со отворен трем на западната страна и полукружна апсида на исток. Ѕидана е од кршен камен со покрив на две води. Главниот влез од западната страна е преку портал полукружно засводен над кој има патронска ниша со ликот на св. Атанасиј. Мали правоаголни прозорци, обликувани од делкан камен, има по два на северната и јужната страна и еден на источната. Наосот во внатрешноста на црквата е подвоен со два реда од кружни столбови, меѓусебно аркадно поврзани. Оргиналната таваница не е сочувана и наместо неа на носечкиот аркаден низ е поставена нова дрвена конструкција за покрив со керамида наместо со камени плочи како што се автентично поставени на тремот на западната страна. На источната страна е поставена иконостасната преграда а на западната страна е подигната триделна галерија во која средниот дел е вовлечен, додека двата правоаголни балкони се пуштени во длабочина на бочните кораби. Црквата е живописана/пресликана од локални зографи со слаб квалитет во втората половина на XIX век.

Иконостасот во црквата претставува висока трокатна конструкција со Голем крст на него. Иконите на иконостасот се изработени во неколку наврати од различни зографи. За тоа сведочат неколу записи во црквата, како што се на вратата која води во протезисот, со претставата на *архиѓаконот Стефан* во цел раст, каде на задната страна е забележан приложнички текст **ПРЇЛОЖН КІР СТЕФАН РАДЕВЇЧЬ 1821** (дим. 172,5 x 60 x 2; бр. 16100) што би можело да биде некој ориентир за долната граница за подигањето на црквата. Кај престолните икони (*Исус Христос* - бр. 16045, *Богородица со Христос* - бр. 16050 и *св. Јован Крстител* - бр. 16948) стои запишана годината 1837,[35] а тоа се иконите кои се изработени од работилницата на Теодосиј од Велес, што е и предмет на нашиот интерес во овој случај. Потоа на иконата *Раѓањето Христово* (дим. 40 x 31 x 2; бр. 16055) насликана од непознат локален зограф во 1849 г.[36] и на амвонот во наосот забележана е годината 1838 од мајстор Наум од Папрадиште (?).[37]

---

[34] Селото Војница припаѓа на општина Чашка и е на 17 км. одалеченост од градот Велес, сместено во средното сливно подрачје на реката Бабуна.

[35] Во документацијата на НУ НКЦ – Скопје годината се чита како 1834 поради специфичниот дуктус на пишување на бројот четири или седум, што прави забуна во датирањето. Ние се одлучивме да го читаме како 1837 г.

[36] Приложнички текст: **1849 ПРНЛОЖННКЬ РАБА БЖЕ БОГЕ НЕРЕСѠВЪ ДАФЧЕ АНЕ СОСЕМ ДОМЬ Н ЧАДОМЬ МАЛНМЪ НЖЕ ВЕЛНКН.**

[37] На проповедалницата е запишана годината 1838



Сл. 22. Св. Атанасиј, црква Св. Атанасиј, с. Војница, Велес



Сл. 23. Св. Атанасиј, црква Св. Петка, Галичник

Потписи на локални зографи, чии икони се сочувани во црквата, забележани се на иконата *Исус Христос* со автограф на *Петруш зограф* (ПЕТРУШ ЗУГРАФ / СІА НКОНА ПРНЛОЖЇ БОШКО ШОПОВСКЇ) (дим. 39x37x2,5; бр. 16056) и на иконата *Св. Атанасиј и пророк Илија* од *Петре Н. Зограф* од 1887 г. (**1887** МАРТ **23** ПРНЛОЖЇ ПЕТРЕ Н. ЗОГРАФЪ) (дим. 36x23,5x2; бр. 16059).

Што се однесува до престолните икони, кои припаѓаат на работилницата на Теодосиј, тоа се оние кои го исполниле првиот ред на иконостасот: *Исус Христос* ІС ХС, со отворен кодекс во левата рака и текст: ПРЇНДНТЕ КО/ МНЕѢ ВСН ТР/УЖДАЮЩНСАА/ НѠБРЕМЕНЕ/ НН НДЗЬ У/ ПОКОВН/ ВОЗМНТЕ Н/ ГО МОЕ НАС/ ЕБЕ ГРАДНТЕ/ ПОМѢ МНКО/ КРОТОКЬ ЕС/ МЬ. Над левото рамо запишан е приложнички текст СІА ЇКОНА ПРЇЛОЖН СТОАН СОКОЛОВЬ ПОПОВЇКЬ **1837** (дим. 80 x 58,5 x 2; бр. 16045) (**сл. 17**); *св. Јован Крстител* СТЫ ЇѠАНЬ КРСТНТЕЛЪ, со отворен свиток во левата рака и текст: ПОКАНТЕ/ СА ПРЇБЛ/ ЇЖНБОСА ВО/ ЦРСТВЇЕ НЕ/ БЕСНОЕ. Над десното рамо запишан е приложнички текст СНА ЇКОНА ПРЇЛОЖН МАНАСЇА ОРЧЕВЇ. **1837** (дим. 80 x 59 x 2; бр. 16948) (**сл. 18**); *св. Трифун* СТЫ ТРНФУНЪ (дим. 79,5 x 58,5 x 2; бр. 16047) (**сл. 21**); *св. Никола* СТЫ ННКОЛАА (дим. 80 x 59 x 2; бр. 16046) (**сл. 19**); *Богородица со Христос* М Ѳ : СІА ЇКОНА ПРЇЛОЖН ДАВЧЕ ЇОСЇФОВЬ ПОПОВЇКЪ **1837** (дим. 79,5 x 58 x 2,5; бр. 16050) (**сл. 16**); *св. Атанасиј* СТЫ АѲАНАСЇА : СІА ЇКОНА ПРЇЛОЖН ТЕФО ВЕСЕЛЇНОВЇКЪ (дим. 80 x 78,5 x 2,2; бр. 16051) (**сл. 22**) и *Архангел Михаил* СТЫ АРХАНГЛЬ МНХАЇЛ (дим. 79,5 x 59 x 2; бр. 16049) (**сл. 20**).

Иконите од работилницата на наследниците/следбениците на Теодосиј поседуваат заемни ликовни црти и карактеристики кои јасно ги определуваат како целина.[38] За разлика од суптилното сликарството на Теодосиј, неговите следбеници се карактеризираат со нагласен крут графицизам, богато декорирани одежди на светителите со светли бои со што оформиле свој препознатлив ликовен ракопис, наспроти творештвото на Теодосиј. Она што посебно се издвојува во ликовната постапка е начинот на обработка на ликовите при

со името на мајсторот Наум (СЇЕ ПРНЛОЖННКЪ СТОА ПОПОВЪ / СЇЕ ПРНЛОЖННКЪ МАНАСНА ТОПЧЕВЪ/ АЗЪ МАНСТОРЪ НАУНЪ ПОПРАДНДРАЛ / СЇЕ ПРНЛОЖННКЪ ДАВЧЕ ПОПОВЪ НѠСНФОВЪ / **1838** НУНЛА **13** / СТЕ ПРНЛОЖННКЪ ААНКО ШОПЪ ТО...)

[38] Д. Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, 296.



Сл. 24. Исус Христос, црква Св. Петка, Галичник



Сл. 25. Св. Јован Крстител, црква Св. Петка, Галичник

што се потенцирани високото чело и крупните бадемасто оформените очи, со заоблување на горниот капак додека долниот е скоро порамен. Под капаците истакнати се подочниците. Очите во горниот дел се заоблените полукружно со тенки веѓи чија непрекината десна линија ја оформува долгата линија на носот. Горната усна е тесна и долга а долна полна и пократка. Посебен белег за посебноста на сликарскиот ракопис се ушните школки кои се сликаат на еден симплифициран начин во кој истата приличи на бројот 3 скоро еднакво како што ја испишуваат буквата С во кратенката **СТЫ** на сигнатурите на светителите, посебно кај престолните икони каде повеќе внимаваат на дуктусот на буквите. Изработката на косата и брадата кај возрасните светители се назначува со долги тенки линии како што е и случајот со мустаките кои се посебно долги и паѓаат до крајот на брадата (св. Никола). За истакнување на брчките се користат светли оживки додека тоналитетот општо е монохромен.

Може да се сумира дека се работи за работилница, која засега може да ја следиме во краток период од време на активност, од 1837 до 1839 г., главно концентрирани во четири храма каде ги изработиле иконостасните икони и фрескодекорацијата на северниот ѕид во црквата Св. Никола во *Башино Село*. Во Западна Македонија, од каде и потекнувале овие преселнички зографски родови од Велес, пред сè во црквата Св. Петка во *Галичник* (1837 г.), е најдобра изработка на оваа работилница и покрај генералните карактеристики својствени за оваа работилница сепак се издвојува со рафинираниот израз како посебно остварување.39 Единствен податок за изработката на иконите од иконостасот во црквата Св. Петка во *Галичник*, што припаѓаат на работилницата на Теодосиј, бил забележан на престолната икона посветена на *св. Петка* **СТА ПРДПЕНАЯ ПАРАСКЕВАС** (дим.: 108,5x81x4 см; рег. бр. 9508) **ПЛАТНЛЪ : 8 : ІКОНІН ВОМНЕНЕ ГОСПОДННЪ ДАМАНЪ ЖІКОСКІ ЗА ДУШЕВНО СПАСЕНІЕ**

[39] Единствен податок за времето на изработката на иконите од иконостасот во црквата Св. Петка во *Галичник*, што припаѓаат на работилницата на Теодосиј, бил забележан на престолната икона посветена на *св. Петка* (дим.: 109x82x4,2 см; рег. бр. 9508) **ПЛАТНЛЪ : 8 : ІКОНІН ВОМНЕНЕ ГОСПОДННЪ ДАМАНЪ ЖІКОСКІ ЗА ДУШЕВНО СПАСЕНІЕ НА: 18(6)7: ГОДА**, каде во приложничкиот натпис била забележана, нечитка до крај, годината и е дадена претпоставка дека се работи за 18(6)7 (Јулија Тричковска, *Проект за конзервација на иконите од црквата Св. Петка – Галичник*, НУ НКЦ-Скопје, 08-2010 од 14.12.1988). Иако по конзервацијата на иконата годината не е сочувана, ние сепак сме на мислење дека се работи за годината 1837 која хронолошки одговара на активноста на оваа работилница во Велешкиот регион.



Сл. 26. Св. Петка, црква Св. Петка, Галичник



Сл. 27. Вознесение на Св. Илија, црква Св. Петка, Галичник

НА: **18(6)7:** ГОДА/ на опковот на левата дланка е изгравиран текст СПОМЕН НОВАЧЪ РИСТЕ -ВА. ЕД., каде во приложничкиот натпис била забележана нечитка до крај годината и е дадена претпоставка дека се работи за 18(6)7 (Јулија Тричковска, *Проект за конзервација на иконите од црквата Св. Петка – Галичник*, НУ НКЦ-Скопје, 08-2010 од 14.12.1988). (**сл. 26**) Иако по конзервацијата на иконата годината не е сочувана, ние сепак сме на мислење дека се работи за годината 1837, која хронолошки одговара на активноста на оваа работилница во Велешкиот регион. Останатите икони од оваа работилница се: *св. Атанасиј* С͠ТИ АѲАНАСІА, престолна икона (дим.: 109x81x4,2 см, рег. бр. 9505) (**сл. 23**); *св. Никола* С͠ТІТЛЪ ХБ͠ГОВЪ НІКОЛАА, престолна икона (дим.: 108,5x80,5x4 см, рег. бр. 9507) (**сл. 28**); *Богородица со Христос*, престолна икона (дим.: 108x80x5,5 см, рег. бр. 9509) – иконата била пресликана од друг зограф, со оглед на останатите елементи кои се содржат кај другите престолни икони (ковцежец, украсување на рамката со геометриска шара од црно-бели триаголници, украен монограм, употреба на сребрените опкови итн.); *Исус Христос* ІС.., АЗЪ ЕСМЬ ХЛѢБЪ/ ЖИВОТНЫИ ИЖЕ/ СШЕДЫИ СЪ НБ͠СЕ/ АЩЕ КТО СНѢСЪ Ѿ./ БАСЕГѠ ЖИВ БУДЕТЪ./ ВѢКИ И ХЛѢБ СОЖЕ/ АМИНЬ АМИНЬ ГЛ͠Ю/ ВАМЪ: ИКѠСЛУШ/ АМ СЛОВЕССМОЕГѠ/ И ВѢРСАНПОСЛАВШЕ/ МУ ИМАТЬ ЖИВОТЪ ВѢЧНИ/ НІ ИНАСДЪ ИСПРЇИ/..., престолна икона (дим.: 109x80,5x6,5 см, рег. бр. 9511) (**сл. 24**); *св. Јован Претеча* С͠ТІ ІѠАНЬ ПРЕДТЕЧА ИКР͠СТЛЪ / ПОКАИТЕ/ СѦ ПРЇБЛИ/ ЖИ БѠСѦ/ ЦР͠СТВИЕ/ НБ͠СНОЕ, престолна икона (дим.: 109x80x6 см, рег. бр. 9512) (**сл. 25**); *св. Илија* С͠ТІ ПР͠Ъ ІЛИѤ / ЖИВЪ ГД͠Ъ БГ͠Ъ ЖИВА ДШ͠А ТВОѤ, престолна икона (дим.: 110x80,5x3,8 см, рег. бр. 9513) (**сл. 27**); *св. Петар и Павле* С͠ТІ АПЛ ПЕТ / С͠ТІ АПЛ͠Ъ ПАВЕЛ, престолна икона (дим.: 109x82x4 см, рег. бр. 9514) (**сл. 29**);

Иконите од *Деисисот* со апостоли и други икони: *св. Сава* С͠ТІ ПР͠.. САВА (дим.: 44,5x33x2,5 см, рег. бр. 9535); *св. Петар* С͠ТІ ПЕТАРЪ (дим.: 45x33x3 см, рег. бр. 9536); *св. Јаков* С͠ТІ АПО͠ТЛЪ ІАКОВЪ БРАТ БЖ͠ЇИ (дим.: 45x32x2,5 см, рег. бр. 9537); *св. Вартоломеј* С͠ТІ АПО͠ТЛЪ ВАРТОЛОМЕА (дим.: 45x34,5x2,5 см, рег. бр. 9538); *св. Јаков* С͠ТІ АПО͠ТЛЪ ЇАКОВЪ АЛЕФОВЪ (дим.: 44,5x33x2,5 см, рег. бр. 9539); *св. Теодор* С͠ТІ ѲЕОДОР (дим.: 45x33,5x3,5 см, рег. бр. 9540); *св. Тома* С͠ТІ АПТЛЪ ѲОМА (дим.: 44,5x33,5x2 см, рег. бр. 9541); *св. Андреј* С͠ТІИ АПС͠Л АНДРЕИ (дим.: 45x34x2,5 см, рег. бр. 9543); *св. Матеј* С͠ТІИ ЕѴГ͠ЛЇСТ МАТѲЕА (дим.: 45x33x2,5 см, рег. бр. 9544); *св. Богородица* М͠Р Ѳ͠У (дим.: 44,8x32,8x3 см, рег. бр. 9545); *Исус Христос* І͠С Х͠С / ПРЇИДИТЕ КО/ МНѢ ВСИ ТРОѴ/ ЖДАЮЩЇИ/ САИѠБРЕ/ НЕЇИ ИЕНЇИ



Сл. 28. Св. Никола, црква Св. Петка, Галичник



Сл. 29. Св. Петар и Павле,
црква Св. Петка, Галичник

нась ꙋпоко./ возмите и/ го мое на/ себе ина/ ꙋчитесѧ/ ѿ мене (дим.: 44,8x33x2,5 см, рег. бр. 9546); *св. Јован Богослов* с҃ти іωанъ бг҃ословъ (дим.: 44,5x33x3 см, рег. бр. 9547); *св. Павел* с҃ти павелъ (дим.: 44,5x33x2,5 см, рег. бр. 9548); *св. Јован Крстител* с҃ти іωань кр҃стелъ (дим.: 44,8x33x2,5 см, рег. бр. 9549); *св. Филип* с҃тіи апс҃л фїлипъ (дим.: 45x34x2,5 см, рег. бр. 9550); *св. Спиридон* с҃ти спиридонъ (дим.: 44,8x33,4x2,3 см, рег. бр. 9551); *св. Пантелејмон* с҃тіи панделенмонъ (дим.: 45,5x34,5x3 см, рег. бр. 9554); *св. Јуда* с҃тіи апс҃л іꙋда (дим.: 43,5x34x2 см, рег. бр. 9556); *св. Симеон* с҃тіи апс҃тлъ симеонъ (дим.: 45x35x2 см, рег. бр. 9557); *св. Димитрие* с҃ти великомч҃никъ дімитриа / плаатїла .. ікона .. из .. (дим.: 40,5x30,7x2,5 см, рег. бр. 9578); *Надиконостасен крст* со Распетето Христово и придружните икони на св. Богородица и св. Јован Богослов (неевидентиран);

Останатите примери ги следиме сите во Велешкиот регион, во црквите Св. Атанасиј во *Којница* (1837), Св. Никола во *Башино Село* (1838) и Св. Спас во *Ногаевци* (1839) кои се блиски во начинот на изработката. На окер заднината, кај иконите од *Башино Село* и *Којница*, има карактеристично фрагментарно позлатување во вид на издолжени облаци врз кои се испишуваат легендите на светителите што ги прави дополнително идентични во изведбата. Кај Св. Спас во *Ногаевци* работилницата покажува знаци на опаѓање на дотогашниот израз/кавлитет на изведбата.

Зографите од оваа работилница, следејќи го неговиот ликовен ракопис и иконографска подлога, може да се каже дека припаѓаат на кругот уметници кои го практикувале традиционалниот светогорски зографски модел, освежен со барокните иновации во првата половина на XIX век. Ликовната постапка е блиска на Самоковската школа уметници, кои исто така се држеле до атонските проверени вредности вградени во таканаречениот левантински барок.[40] И покрај ретроградниот процес на изведба во споредба со Теодосиј, сепак може да се каже дека оваа работилница на негови следбеници/наследници оформиле свој препознатлив ракопис со кој за уште извесно време го одржале квалитетот на зографите од првата половина на XIX век во Велешкиот регион. Со оваа листа на икони секако дека не е исцрпена дејноста на оваа работилница и со оглед на нивниот коректен зографски израз, треба да очекуваме во следниот период, дека нивни дела ќе се лоцираат пошироко на Балканскиот регион.

[40] Д. Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, 297.

**Литература**


А. Василев, *Български възрожденски майстори: Живописци, резбари, строители*, София 1965, 265-268.

Љубинка Ајатовска, *Црквата Свети Великомаченик Георгиј – еден век постоење*, Кочани 2017.

Коста Балабанов, *Постојана галерија на икони во црквата Успение на Богородица – Ново Село*, Штип 1972.

Коста Балабанов, *Сликата со битова содржина: „Фамилијата на зографот Теодосиј од Велес подарува слика на црквата Успение на Св. Богородица во Ново Село – Штип" како извор за запознавање на старата новоселска црква и творештвото на Теодосиј зограф*, Ликовна уметност, бр. 1, 13–18, Скопје 1973.

Бранислав Цветковић*, Збирка икона цркве Светог архангела Михаила у Јагодини*. In: Symposium, Два века Старе цркве у Јагодини (ур. Бранислав Цветковић, Нинослав Станојевић), Јагодина 2017, 151–186.

Б. Вујовић, *Уметност обновљене Србије 1791-1848*, Београд 1986, 254, 261.

К. Томовски, *Велешките мајстори и зографи во XIX и XX век*, Културно наследство V, Скопје 1959, 51-59;

Косто Граоркоски, *Света Петка заштитничка на Галичник*, Скопје 2009.

И. Женарју, *Прилог познавању делатности и велешких зографа у Рашко-Призренској епархији*, Косово и метохија у контексту балканских народа и држава, Лепосавић 2016, 95-106.

Јасмина Хаџиева Алексиева, Елизабета Касапова, *Архитект Андреја Дамјанов 1813–1878*, Скопје 2001.

Мирјана Машниќ, Ема Петрова-Николовска, *Сликарското дело на Теодосиј зограф од Велес. Истражување и заштита*, Патримониум.мк, бр. 1–2, Скопје 2007, 131–135.

Антоние Николовски, *Прилог кон датирањето на вотивната слика Богородица Скоропомошница од Тедосиј зограф*, Ликовна уметност, бр. 4–5, Скопје 1978/79, 39–43.

Дарко Николовски, *Црквата Св. Никола во Башино Село*, Патримониум.мк, бр. 13, Скопје 2015, 283–297.

Д. Николовски, *Прилог кон сакралното наследство од поствизантискиот период во општина Градско*, Патримониум.мк 20, Скопје 2022, 266-267.

Никола Панзов, *Галерија на икони. Црква Св. Никола*, каталог, Штип 1991.

Елена Попова, *Зографът Христо Димитров от Самоков*, София 2001.

Викторија Поповска Коробар, *Зографите Крсте од Велес и Крсте Поп Трајанович*, Прилози. МАНУ, Одделение за општествени науки, No. XXXIII/1, Скопје 2002, 87–102.

Викторија Поповска Коробар, *Иконите од Музејот на Македонија*, Скопје 2004

Викторија Поповска Коробар, *Бележки за неизвестни икони от зографите Христо Димитров и Димитър Христов в Македония*, Art Studies Quarterly, No. 1, София 2005, 44–49.

V. Popovska Korobar, *Searching for the Paintings by Theodosij of Veles from the Early Nineteenth Century*, Marginalia. Art Readings, Vol. I-II, 2018.I., Old Art (eds. I. Gergova and E. Moussakova), Sofia 2019, 399-412

Миша Ракоција, *Манастири и цркве јужне и источне Србије*, Ниш 2013.

М. Ракоција, *Саборна црква у Нишу: поводом 200 година малог Саборног храма*, Ниш 2019, 147-209

Ј. Марковић, *Иконостас цркве Рођења пресвете Богородице у Лесковцу*, Студије визуелне културе Балкана: Зографски кругови, Београд 2018, 127-151.

Ј. Марковић, *Новооткривена дела Јована иконописца у околини Лесковца*, Проблеми на искуството 1/2020

Ј. Марковић, *Иконостас цркве Светих Апостола у Туреховцу*, Студије визуелне културе Балкана II, Beograd 2019, 166-167.

Н. Макуљевић, *Андреја Дамјанов архитекта позноосманског Балкана*, Зборник Матице српске за ликовне уметности, бр. 38, Нови Сад 2010, 145.

Н. Макуљевић, *Литургија, симболика и приложништво: иконостас Цркве свете Тројице у Врању*, Саборни храм Свете Тројице у Врању (1858–2008), Врање 2008, 45-46.

Р. Станић, *Сликар Теодосије и његово дело на Савинцу,* Градац III-IV, Чачак 1969, 11.

Раде Станић, *Иконостас цркве у Савинцу*, Зборник радова Народног музеја – Чачак, No. 4, Чачак 1973, 5–22.

М. Тимотијевић, Н. Макуљевић, *Иконопис Врањске епархије*, Белград – Врање 2005.

*Vasiliev* 1965: *Vasiliev*, Asen. Български възрожденски майстори [Balgarski vazrozhdenski maystori]. Sofia.

*Vujović* 1986: *Vujović,* Branko. Уметност обновљене Србије 1791–1848 [Umetnost obnovljene Srbije 1791–1848]. Belgrade.

Darko NIKOLOVSKI

# THE CREATIVE OPUS OF THE FOLLOWERS OF TEODOSIJ ZOGRAPH FROM VELES

*Summary*

The presented data regarding the creative opus of Teodosij, allows us to conclude that he was a zograph who played an important role during the first half of the 19th century in Macedonia, as well as in the Balkan, and left his imprint on the successive younger generations of followers and cooperatives. Regarding his followers, for whom there are no precise auto-biographical data, we shall continue to refer to them as followers of Teodosij from Veles. So far, apart from the Church of St. Nicholas in the village of Bashino Selo near Veles and the Church of St. Paraskevi in Galichnik, we have also managed to locate examples of their icon works in two additional churches i.e., in the Church of the Holy Saviour in the village of Nogaevci, Municipality of Gradsko, as well as in the Church of St. Athanasius in the village of Vojnica, Municipality of Chashka, thus confirming their activity in the wider region of Veles.

So far, this workshop`s activity can be followed for a short period of time, from 1837 to 1839, mainly concentrated in four churches - the Church of St. Paraskevi in Galichnik (1837), while the remaining three are in the region of Veles i.e., the churches of St. Athanasius in Vojnica (1837), St. Nicholas in Bashino Selo (1838) and the Holy Saviour in Nogaevci (1839), where they elaborated the icons for the iconostasis. Despite the retrograde process in their creative work, in comparison to Teodosij, nevertheless we can say that this workshop of followers/successors of Teodosij has formulated a recognizable handwriting by which they managed to maintain the quality of the zographs from the first half of the 19th century for a bit longer in the region of Veles.